# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## За избор на дописен член на МАНУ, Одделение за уметност

За кандидат за избор во дописен член на МАНУ на Одделението за уметност го предлагам Ангел Димовски-Чауш, академски вајар.

Ангел Димовски-Чауш е роден на 5 ноември 1952 година во Крнино, Велес. Во 1973 год. Завршил училиште за применета уметност – вајарски отсек, во Скопје во класата на проф. Димо Тодоровски. Од 1973-1977 студира на групата за Историја на уметност со археологија на Филозофскиот факултет во Скопје. Во 1980 се запишува на Факултетот за ликовна уметност во Скопје, отсек вајарство со театарска, филмска и телевизиска сценографија и дипломира во 1984 год. во класата на Петар Хаџи-Бошков. По завршувањето на факултетот за ликовна уметност активно се посветува на работата во областа на скулптурата, излагајќи самостојно и групно во земјата и во странство. Остварил повеќе студиски патувања во Италија, Франција, Шпанија, Германија, Грција, Египет и Турција. Негови дела се наоѓаат во приватни колекции во: САД, Африка, Франција, Холандија и во дуги земји. Член е на ДЛУМ од 1984 година, а член е на францускoто друштво на ликовни уметници La Maison Des Artistes од 2002 год. Застапен е во каталогот на италијанската издавачка куќа MDS за 2010-2011 год. Живее и работи како слободен уметник. Зборува француски и англиски јазик.

Димовски има реализирано дваесетина самостојни и триесетина групни изложби. Учествувал на неколку конкурси за споменици со свои проекти. Реализирал неколку монументални скулптури: „Чекање“, скулптура во камен поставена во паркот на

скулптурите во Сирач, Р Хрватска; „Две форми“, скулптура во алуминиум поставена пред гимазијата „Јосип Броз Тито“ во Скопје; неколку скулптури излеани во бетон во МНР на Р Македонија.

Добитник е на низа награди меѓу кои: „Јордан Грабул“ за вајарство 1994; „Димо Тодоровски“ за скулптура 1998; „Вангел Коџоман“ за најуспешна изложба 2000; „Нерешки мајстори“, највисока награда на ДЛУМ 2007; откупна награда на конкурсот за споменик на св. Климент и Наум и др. домашни награди, како и награда за портрет на општината на градот Сен Рафаел во Франција 1989.

Димовски е современ македонски скулптор од ренесансна провениенција, доследен и истраен мајстор, инвентивен и истрајно посветен на уметноста што ја избрал за своја професионална определба. Подеднакво се искажува во различни медиуми и техники: цртеж, колаж, графика, сликање. Тој има изграден препознатлив уметнички ракопис. Неговите идеи ги финализира во различни материјали (дрво, мермер, бронза и алуминиум). Во својот скулпторски опус докажан е и во монументалната скулптура.

Ако го погледнеме досегашното творештво на Димовски, нè воодушевува неговиот мултимедијален опус кој трае четири децении. Неисцрпен и неуморен е во своите истражувања, како да е во архаичен период од своето творештво. Чаушот е од ретките уметници кој останал доследен на својот занает и верен на уметничката слобода, а неговото ателје е вистински занаетчиски дуќан. Во неговиот творечки опус тешко можат да се издиференцираат одредени фази на творење.

Едно е сигурно, жената е тема во која проникнал и претставува негова вечна неисцрпна инспирација и не случајно се препознатливи неговите провокативни женски торза. Експериментира со разни дисторзии на формите при што прави своевидни етиди на определени мотиви. Неговите скулптури се изработени до перфекција, со вешта рака на врвен занаетчија. Во неговите раце сите материјали се повинуваат на неговата замисла. Кај Димовски е присутно и љубопитство кон други култури, што секако е одраз и на неговата наобразба на полето на историјата на уметноста. Се инспирира и од древни симболи, тотеми и артефакти што му даваат поширока димензија на неговото творештво. Ангел Димовски остава свој карактеристичен печат врз делата што ги создава, со што станува јасен и препознатлив автор со изграден творечки сензибилитет.

Врз основа на неговото творештво, 40-годишната творечка посветеност и претставување како пред домашната, така и пред меѓународната публика, поради неговиот изграден уметнички израз, како и поради неговите човечки доблести, ми претставува чест и задоволство да го предложам Ангел Димовски-Чауш, академски вајар, за дописен член на МАНУ.

Подносител на предлогот,

акад. Газанфер Бајрам